Број на Службен весник:61/2014
Датум на објава на Службен весник:10.04.2014
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51-а став 12 од Законот за земјоделското земјиште (“Службен весник на Република Македонија” бр.135/07, 18/11, 1438/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13 и 39/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ОРАНЖЕРИИ И ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ КАКО И ОБЈЕКТИ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште (“Службен весник на Република Македонија” бр.155/12), Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.22-1580/3
1 април 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

ДО ______________________________
(единица на локална самоуправа)

БАРАЊЕ
за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице _________________
Адреса на живеење/седиште на правното лице ____________________________
Лице за контакт ________________________ тел. _________________

2.Барањето за издавање на одобрение за градење на оранжерии и помошни објекти како и објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште се поднесува по добиена согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 51-б став 1 од Законот за за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13 и 164/13), за градење на __________________ (вид на објектот), на КПбр._______, место викано ____________, катастарска култура ______, катастарска класа _____, површина _______м2, запишана на Имотен лист бр.__________ за КО __________, издаден од страна на _________________________ под бр. ____________ од ________________ година, во сопственост на ______________.

БАРАТЕЛ,

______________________

_________________
Датум и место

(потпис/печат*)

* За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва